

Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец февруари 2020

Датум: 09.03.2020
Сектор за инвестиции

## Содржина

1. ЗК Пелагонија АД Битола .......... 3

1.1. Општ дел .......... 3

1.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на ЗК Пелагонија АД Битола 5

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец февруари 2020 година, се одржаа акционерското собрание на **ЗК Пелагонија АД Битола,** компанија во која задолжителниот фонд поседува акции и согласно Правилникот има обврска за присуство и известување.

## 1. ЗК Пелагонија АД Битола

### 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на задолжителниот пензиски фонд, за кои Сава Пензиско друштво има обврска за задолжително присуство.

**I. ЗК Пелагонија АД Битола**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **ЗК Пелагонија АД Битола** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **1,66%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,03%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 26.02.2020 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието на акционери<br>2. Констатирање на кворум за работа на Собранието<br>3. Избор на работни тела<br>3.1. Избор на претседавач со Собранието<br>3.2. Избор на 2 бројачи на гласови<br><br>**Работен дел:**<br><br>- Усвојување на Записниците од седниците на Собранието на акционери на ЗК Пелагонија АД Битола одржани на ден 01.07.2019 година.<br><br>**1. Донесување на одлука за одобрување на голема зделка како зделка со заинтересирана страна која претставува продажба на удел од страна на** | |

| | |
|---|---|
| | **Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционсрко друштво Битола како продавач, кој претставува 100% од основната главнина на Трговското друштво за производство на електрична енергија ПЕЛАГОНИЈА ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Логоварди Битола и е со номинална вредност од 413.913.100,00 денари, на купувачот ТИОР ЕООД со седиште во Софија, Област Софија, Општина Столична, Реон р-н Изгрев. ж.к. – Фредерик Жолио Кири бр.2, бл.-, вх.-, ет.6, ап.9 со матичен број 205706730 - Република Бугарија.**<br>- Предлог- одлука за усвојување<br><br>**2. Донесување на одлука за откуп на сопствени акции, со**<br>- Предлог- одлука за усвојување<br><br>**3. Донесување одлука за констатирање на престанок на членство и мандатот на член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА А.Д. Битола, заради поднесување оставка, со**<br>- Предлог- одлука за усвојување<br><br>**4. Донесување одлука на избор на член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА А.Д. Битола, со**<br>- Предлог- одлука за усвојување |
| *Претставници на Собранието* | Васко Богдановски |

**II. ЗК Пелагонија АД Битола**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на ЗК Пелагонија АД Битола се одржа на 26.02.2020 година со почеток во 12 часот во просториите на Друштвото во Новаци, Новачки пат.

Претставникот на Сава Пензиско друштво во име и за сметка на задолжителниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на ЗК Пелагонија АД Битола гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието на акционери
2. Констатирање на кворум за работа на Собранието
3. Избор на работни тела
   3.1. Избор на претседавач со Собранието
   3.2. Избор на 2 бројачи на гласови

**Претставникот гласаше ЗА предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Донесување на одлука за одобрување на голема зделка како зделка со заинтересирана страна која претставува продажба на удел од страна на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционсрко друштво Битола како продавач, кој претставува 100% од основната главнина на Трговското друштво за производство на електрична енергија ПЕЛАГОНИЈА ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Логоварди Битола и е со номинална вредност од 413.913.100,00 денари, на купувачот ТИОР ЕООД со седиште во Софија, Област Софија, Општина Столична, Реон р-н Изгрев. ж.к. – Фредерик Жолио Кири бр.2, бл.-, вх.-, ет.6, ап.9 со матичен број 205706730 - Република Бугарија.- Предлог- одлука за усвојување

   **Претставникот гласаше Воздржано**

2. Донесување на одлука за откуп на сопствени акции, со - Предлог- одлука за усвојување

   **Претставникот гласаше За**

3. Донесување одлука за констатирање на престанок на членство и мандатот на член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА А.Д. Битола, заради поднесување оставка, со

   **Претставникот гласаше За**

4. Донесување одлука на избор на член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА А.Д. Битола, со

   **Претставникот гласаше За**

## 1.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на ЗК Пелагонија АД Битола

Откако се верификираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание, со присуство од 59,88% од акциите со право на глас, се пристапи кон избор на Работни тела.

Со усвојувањето на точките од Процедуралниот дел, се премина кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

Претставникот на Друштвото гласаше „ЗА“ предлозите по точките од процедуралниот дел.

По однос на точките од Работниот дел претставникот на Друштвото гласаше „Воздржан“ по предлог одлука за одобрување на голема Зделка - продажба на електраната ЕНЕРЏИ ДООЕЛ. По однос на оваа точка се гласаше воздржано поради тоа што како малцински акционер не можеме да процениме дали предложената цена за продажба соодветствува со реалната вредност на електраната. Останатите акционери кои претставуваат 91,21% од присутните акционери со право на глас, гласаа „ЗА“.

Претставникот на Друштвото гласаше „ЗА“ предлог Одлука за откуп на сопствени акции и за Избор на член на Одборот на директори.

Откако се изгласаа сите точки од дневниот ред, собранието беше прогласено за затворено.